Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-6553/8
21.08.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: **Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што го утврди на седницата, одржана на 19 август 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална транформација и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереник, Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална транформација.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.08.20 15:17:50 +02:00

Подготвил: Далибор Станојковски, 20.08.2025
Проверил: Никола Пасков, 20.08.2025
Контролирал: Зоран Брњарчевски, 20.08.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 20.08.2025

Odobril: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.08.20 15:13:15 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 20.08.2025 13:39 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=6151bd44-90a7-4d02-8cbe-51776af6b4be&docSharePointURL=/materijali/2025/638870532254248728/Documents/act.docx&materialId=2ef7e069-9df1-45cb-a43a-0c12ad4063ed** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Стефан Андоновски, министер за дигитална транформација и Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација

ПОВЕРЕНИК: Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална транформација

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Скопје, август 2025 година

ВОВЕД

## I.ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се уредуваат правата, обврските и одговорностите во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, вклучувајќи ги радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање; давателите на услуги платформи за споделување видеа и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите. Целта на овој закон е да се обезбеди: развој на аудио и и аудиовизуелните медиумски услуги, промовирање на слободата на изразување, развој на независната продукција, поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Македонија, заштита на интересите на корисниците особено на малолетните лица, развој на медиумската писменост, транспарентен, независен, ефикасен и отчетен јавен радиодифузен сервис, транспарентно, независно, ефикасно и отчетно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и др.

Основниот текст на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2013 година е донесен поради потребата од усогласување на домашното законодавство со acquis communautaire на Европската унија, односно со Директивата број 2010/13/EU, позната како Директива за аудиовизуелни медиумски услуги.

Во јули 2023 година, измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по скратена постапка беа усвоени од Собранието и со тоа овој закон се усогласи со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги од 2018 година.

Процесот беше транспарентен и инклузивен со вклученост на сите засегнати страни преку одржани јавни расправи, работилници и средби на експертско ниво. Процесот беше помогнат со вклученост на експерти кои беа дел од Проектот "ЕУ за слободата на изразување: усогласување на националното законодавство за медиуми со правото на ЕУ и европските медиумски стандарди". Со измените на законот се овозможи дополнително зајакнување на капацитетите на регулаторното тело за соодветно спроведување на новите надлежности и промовирање на саморегулација и корегулација.

Причините за донесувањето на новите измени и дополнувања на Законот произлегуваат од потребата да се надминат проблемите што се појавуваат при спроведувањето на промените во сопственичката структура на радиодифузерите. Имено, во досегашната примена на законот беше утврдено дека постојат ситуации во кои еден радиодифузер добива одобрение за промена од страна на Агенцијата, но воопшто не ја регистрира промената во Централниот регистар. Ова создава законска празнина, што го доведува регулаторното тело во необична ситуација со неможност да постапи заради недореченост во членот кој се менува. Со измените и дополнувањата

се настојува да се воспостави јасна законска обврска и рок за реализација на промената, со што ќе се зајакне интегритетот на постапките и ќе се заштити јавниот интерес.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основната цел на измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е да се обезбеди правна сигурност и ефикасност во постапките за одобрување и спроведување на промените во сопственичката структура на радиодифузерите. Со допрецизирање на членот 42, се воспоставува јасна обврска радиодифузерите да ја спроведат одобрената промена во Централниот регистар во утврден временски рок, а на Агенцијата ѝ се дава овластување да ја поништи претходно донесената одлука доколку таа обврска не биде исполнета.

На овој начин се спречува злоупотреба на регулативата и се гарантира транспарентност и доследност во сопственичките односи во медиумскиот сектор.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на овој закон нема да предизвика фискални импликации од Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства за негово спроведување.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), во член 42 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) По исклучок од став (1) на овој член, Агенцијата со одлука ќе ја поништи одлуката со која дозволила спроведување на промена на сопственичката структура, доколку промената на сопственичката структура во Централниот регистар не е спроведена во рок од 90 дена од денот на донесувањето на одлуката за спроведување на промена на сопственичката структура.

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (3), (4) и (5).“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е систематизиран во 2 (два) члена.

Со членот 1 се дополнува членот 42 од Законот со нов став (2), согласно кој Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе ја поништи одлуката со која дозволила спроведување на промена во сопственичката структура, доколку не е спроведена промена на сопственичката структура во Централниот регистар во рок од 90 дена од денот на донесувањето на одлуката на Агенцијата.

Со членот 2 се утврдува влегувањето во сила на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖИНАТА НА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се утврдуваат јасни рокови и услови за спроведување на сопственичките промени кај радиодифузерите, што ќе ја намали можноста за различни толкувања и ќе овозможи доследна примена на законот од страна на Агенцијата и радиодифузерите. Радиодифузерите ќе бидат обврзани навремено да ја спроведат промената во сопственичката структура во Централниот регистар, додека неспроведувањето на оваа обврска ќе резултира со поништување на одлуката, што ќе создаде поттик за почитување на процедурите и роковите.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБАТА ОД
ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
КОИ СЕ ИЗМЕНУВА И ДОПОЛНУВА

Поништување на одлука со кое се дозволува спроведување на промена во сопственичка структура

Член 42

(1) Агенцијата со одлука ќе ја поништи одлуката со која дозволила спроведување на промена во сопственичката структура ако таа одлука е донесена врз основа на неточни и/или нецелосни податоци за кои е одговорен радиодифузерот или истите се добиени по пат на измама, а имале одлучувачко влијание врз донесување на одлуката.

(2) Со одлуката од ставот (1) на овој член, Агенцијата:
- ја поништува одлуката со која го дозволила спроведувањето на промената во сопственичката структура,
- утврдува дека со предложените промени на сопственичката структура би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дека истите се спротивни на забраната од од членовите 34, 35 став (2) или 38 од овој закон и
- му наложува на радиодифузерот во рок кој не може да биде пократок од 30 дена и не подолг од 90 дена од денот на приемот на одлуката од ставот (1) на овој член, да ја усогласи својата сопственичка структура со одредбите од овој закон.

(3) Агенцијата може да донесе одлука согласно со ставот (1) на овој член, без притоа да биде ограничен со роковите определени во членот 41 од овој закон.

(4) Доколку радиодифузерот не постапи во согласност со одлуката од ставот (1) на овој член Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување на начин и по постапка утврдени со овој закон.